ЗДРУЖЕНИЕ
"МАРИОВСКО-МЕГЛЕНСКИ КУЛТУРНИ СРЕДБИ"
ПРИЛЕП

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО
ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА
СКОПЈЕ

# СОЦИО-КУЛТУРНИ АСПЕКТИ НА ЕВРОИНТЕГРАЦИЈАТА

Зборник на трудови

Прилеп, 2009 година

ЗДРУЖЕНИЕ „МАРИОВСКО – МЕГЛЕНСКИ КУЛТУРНИ СРЕДБИ“ – ПРИЛЕП

# Зборник на трудови

# Социо-културни аспекти на евроинтеграцијата

Прилеп 2009

Society for organizing of the "Mariovo – Meglen cultural meetings"
Institute for Sociological and political-law researches

# Collection of papers

# Social and cultural aspects of the Euro integration

From the International Scholarly Symposium
14 and 15 November, 2008
Prilep, Republic of Macedonia

Prilep 2009

**Здружение „Мариовско – мегленски културни средби“ – Прилеп**

**Институт за социолошки и политичко-правни истражувања**

# Зборник на трудови

# Социо-културни аспекти на евроинтеграцијата

Од одржаниот меѓународен научен собир
14 и 15 Ноември, 2008 година
Прилеп

Прилеп 2009

Editorial board of the collection of papers on the subject: Social and cultural aspects of the euro integration

Stojan Gjurovski - Coordinator
Jorde Jakimovski
Stojan Malceski
Georgi Stalev
Risto Nikoloski
Petar Kirovakov

Publisher: Society for organizing of the Mariovo – Meglen cultural

Editor-in-chief
Stojan Gjurovski

Language editing, correction and technical editing
PhD. Trajko Ognenoski

Review:
Prof. PhD. Jorde Jakimovski
PhD Vladimir Karadzoski

Circulation: copies

The publishing of this collection of papers is supported by:

Ministry for education and science of Republic of Macedonia

Ministry for culture of Republic of Macedonia

Редакциски одбор на зборникот:
Социо-културни аспекти на Евроинтеграцијата

Стојан Ѓуровски – координатор
Орде Јаќимоски
Стојан Малчески
Ристо Николоски
Ѓорѓи Сталев
Петар Кироваков

Издавач: Здружение „Мариовско мегленски културни средби“ – Прилеп, Република Македонија

Главен и одговорен уредник
Стојан Ѓуровски

Јазична редакција, лектура, коректура и техничко уредување
Др. Трајко Огненоски

Рецензенти:
Проф. Др. Јорде Јаќимовски
Д-р Владимир Карацоски

---

Издавањето на зборникот го овозможи:

Министерството за образование и наука на Република Македонија

Министерството за култура на Република Македонија

CIP - Каталогизација и публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"- Скопје

341,171,071,51(4-672ЕУ:497,7):316,7(062)

СОЦИОКУЛТУРНИ аспекти на евроинтеграцијата : зборник на трудови : од одржаниот меѓународен научен собир, 14 и 15 ноември, 2008 година, Прилеп / [главен и одговорен уредник Стојан Ѓуровски]. - Прилеп : Здружение Мариовско-Мегленско културни средби, 2009. - 364 стр. : 23 см

На наспор. насл. стр. : Social and cultural aspects of the euro integration : collection of papers : from the international scholarly symposium, 14 and 15 November, 2008, Prilep, Republic od Macedonia. - фусноти кон текстот

ISBN 978-608-65073-0-5

а) Македонија - Зачленување - Европска унија - Социокултурни аспекти - Собири
COBISS.MK-ID 79949322

**СОДРЖИНА:**

Проф. д-р Јорде Јакимовски
СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ НА ЕВРОИНТЕГРАЦИЈАТА ........................ 19
Горан Илиќ
ПОТРАГАТА ПО ЕВРОПСКИОТ СОЦИЈАЛЕН ИДЕНТИТЕТ ............ 29
Проф. д-р Илија Ацески
КУЛТУРНИОТ И НАЦИОНАЛНИОТ ИДЕНТИТЕТ ВО ЕРАТА НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА И ЕВРОПЕИЗАЦИЈА ........................................... 41
Доц. Д-р Круме Николоски
НОВ МОДЕЛ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ШИРОК ОПШТЕСТВЕН КОНСЕНЗУС ........................................................................ 53
П. Даркоска, С. Даркоски
СОЦИЈАЛНИ ЕФЕКТИ НА ПРОЦЕСОТ ПРИДРУЖУВАЊЕ КОН ЕВРОПСКАТА УНИЈА ............................................................ 63
Славејко Сасајковски
НЕОЛИБЕРАЛНИТЕ ФЛЕКСИБИЛИЗАЦИИ НА ПАЗАРИТЕ НА ТРУД И ПОЛИТИКИТЕ НА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА.... 69
Д-р Анета Масалковска, Д-р Љубица Масалковска, Д-р Трајче Дојчиновски,
СОЦИЈАЛНИТЕ ЕФЕКТИ ПРЕДИЗВИК ОД ЕВРОПСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА ........................................................................ 83
As. prof. Temenuga Rakadjiiska
AN ATTEMPT FOR REFLEXION ON A CULTURAL ASPECT OF THE BULGARIAN LABOUR MARKET IN THE PROCESS OF EUROINTEGRATION.......................................................................... 91
Љупчо Печијарески, Горан Печијарески
ПАЗАРОТ НА ТРУД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА........................ 99
Стојан Ѓуровски, Стојан Дарковски
ПОДГОТОВКА НА КАДРИТЕ, ПРОФЕСИОНАЛНАТА ОРИЕНТАЦИЈА И СЕЛЕКЦИЈА, ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ И ЕВРОИНТЕГРАЦИЈАТА.......................................................................... 113
Проф. д-р Трајче Мицески, асис. м-р Горан Миладинов
СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА НА СОЦИОЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА НА Р. МАКЕДОНИЈА И ЗЕМЈИ НА ЕУ ............................................ 123
Проф. д-р Лазар Лазаров
МИГРАЦИОНИТЕ ПОЛИТИКИ ВО МАКЕДОНИЈА И НА БАЛКАНОТ ВО МИНАТОТО И ДЕНЕС ........................................................ 131

**Доц. Д-р Круме Николоски**

## НОВ МОДЕЛ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ШИРОК ОПШТЕСТВЕН КОНСЕНЗУС

**As. Prof., Ph.D. Krume Nikoloski**

## NEW MODEL FOR REACHING A NEW SOCIETY CONSENSUS


Денес, Република Македонија стои цврсто на патот кон Европската унија. Но, пред да се подготви за следниот чекор - отпочнување на преговорите за членство во Унијата, неопходно е да покаже волја и подготвеност за преземање на конкретни активности во постигнувањето на широк општествен консензус како услов за продолжување на економските и социјалните реформи во државата.

Постигнувањето на широк општествен консензус ќе овозможи создавање правна рамка која ќе го промовира граѓанскиот и социјалниот дијалог во Република Македонија.

Имајќи го предвид клучниот национален интерес, државата треба да биде насочена кон имплементација на позитивните искуства од Европскиот социјален модел во земјите членки на Европската унија.



Ass. Prof. Krume Nikoloski
"Goce Delcev" University, Faculty of Economics- Stip



Today, Republic of Macedonia is standing firmly on the road towards the European Union, but it is necessary to show will and prepare ness for taking over some concrete activities for making a wide society consensus as a condition for the continuing of the economical and social reforms in the country.

The result of a wide society consensus will give a law framework that will promote a civil and social dialog in Republic of Macedonia.

Having in mind the key national interest, the country should be appointed towards an implementation of positive experiences of the European social model that is practiced in the member countries of the European Union.

**Вовед**

Република Македонија своите текови ги црпи од современата европска практика и бескрупулозно ја добива поддршката и вербата од граѓаните за прокламираните политички и економско - социјални приоритети: прифатлива разлика меѓу трудот-капиталот, помеѓу економската ефикасност и социјалната правда, здравствената и социјалната поддршка, намалување на невработеноста, заштита на социјално загрозените семејства и хендикепираните лица.

Ваквата стратешка цел треба да биде заснована врз активната соработка меѓу сите релевантни социјални партнери и организираното граѓанско општество во согласност со конкретни програми и решенија кои ќе ги одразуваат економско - социјалните определби во интерес на нашата земја, а пред се, зголемување на економскиот раст и вработувањето.

**Правото на труд и негова хуманизација**

Правото на труд и неговата хуманизација се темели на принципите на високите морални вредности коишто се насочени кон почитување на основните човекови права, слободата на трудот, достоинството, социјалната правичност, солидарноста и одговорноста.

Ако сакаме да постигнеме висок и стабилен економски раст, треба да посееме хумана организација на општествениот труд - организација, којашто ќе ги идентификува потребите на работничката класа прифаќајќи ги како достојни и социјално праведни. За постигнување на ваквите клучни приоритети, пред се, треба да се има добра волја, општ интерес и согласност помеѓу сите политички, социјални и економски субјекти.

Имајќи ја предвид политичката, економската и социјалната состојбата во Македонија би сакал да го изразам сопственото мислење, од аспект на идентификација на сегашните проблеми коишто треба да бидат разрешени во процесот кон евроинтегративните аспирации.

Пред се, неопходно е да го посочам проблемот со економскиот раст. Неминово е да се докажува дека стабилниот економски раст е се она што е детерминирано од расположливоста на ресурсите, неопходни за развојот и усовршувањето на општествениот труд, за достоинствено учество на работничката класа и на сите граѓани.

Тоа е всушност и целта на државата во развојот на економско-социјалните односи. Преструктуирањето на економијата го поставува проблемот во насока на зголемување во изборот на такви работници, кои ќе можат и ќе бидат мотивирани да одговорат на предизвиците во промените и да обезбедат постигнување на висока продуктивност на трудот и конкурентна способност на претпријатијата. Меѓутоа, ова не може да се оствари, без да се инвестира во човечкиот капитал, без да се усовршува образовниот систем и

системот на професионална обука, без да се изгради и да функционира систем за зголемување на квалификацијата и преквалификацијата на вработените и на невработените. При тоа, не треба да се заборави максимата, дека државите и претпријатијата, коишто не инвестираат во човечкиот капитал со сигурност нема да имаат иднина. Затоа ако сакаме да имаме иднина во стремежот кон европските хоризонти, да се чувствуваме конфорно на светските пазари, треба да располагаме со национална стратегија и политика за зголемување на квалитетот на трудот, со систем на континуирана обука и со инвестициона програма за негово реализирање, која што ќе вклучува инвестирање во човечкиот капитал како од страна на државата и од страна на работодавците, така и од страна на други заинтересирани економски и социјални субјекти. Колку побрзо ќе го разрешиме овој проблем, толку поуспешни ќе бидеме во нашите залагања во утврдување на еден вистински хуман режим на општествениот труд.

Во овој случај, константирам дека ако на влезот и на излезот на нашиот економски раст не се постават социјалните цели - постигнувањето на полна, слободно избрана, доброволна и ефикасна вработеност на економското активното население, како и можноста за вложениот труд секој работник да добие доволно средства за достоинствено живеење, тогаш хоризонтот за решавањето на проблемите на општествениот труд и на неговата ефективна заштита ќе се оддалечи од вистинската насока кон посакуваниот успех. Во контекст на ова, Меѓународната организација на трудот го поставува меѓудругите и проблемот за гарантирање на едно од основните човекови права - правото на труд. Секој човек има право на труд - така вели и Уставот на Република Македонија. Исто така, и државата се грижи за создавање на такви услови, кои што ќе допринесат за реализација на тоа право.

Гарантирањето на правото на труд е поврзано со вработувањето, а вработеноста кај нас во овој транзиционен период постепено се намалува. Побрзото намалување на вработеноста, односно побрзо отпуштање на работниците во општествениот сектор и побавното создавање на работни места во приватниот сектор, доведоа до намалување на вработеноста.

Намалувањето на вработеноста и зголемувањето на невработеноста се извршуваше рекордно побрзо, отколку во другите земји од Централна и Источна Европа. Поради тоа и поради влијанието на глобализацијата, борбата за зголемување на вработеноста ќе биде еден од основните предизвици на државата, и претставува еден од кардиналните проблеми на општествениот труд и неговата заштита.

Ако целите на европската социјалната политика се насочени кон унапредување на вработувањето, подобрување на условите за работа, соодветна социјална заштита, социјален дијалог, образование и усовршување на човековите ресурси, тогаш тие треба да се сметаат за продуктивен фактор што произведуваат социјална, политичка и економска стабилност.

Затоа, Европската социјална политика и Европскиот социјален модел е добар пример и основа за формирање на нов модел, нова институционална форма на дијалог со која Република Македонија ќе ја зацрта нејзината стратешка иднина.

Спроведувањето на граѓанскиот и социјалниот дијалог означува дека широко претставените граѓански групи со посредство на своите организации можат да учествуваат во креирањето на својата иднина согласно европскиот модел. Додека пак можноста граѓанскиот дијалог да вклучи и други граѓански групи, како што се организации на земјоделци, занаетчии, граѓански организации и други групи на интереси е многу важна карактеристика. Учеството на оваа група граѓани ја продлабочува својата важност. Ова е уникатната карактеристика на социјалниот и граѓанскиот дијалог како дел од Европскиот социјален модел (ЕСМ).

Основен пример за тоа ни е Европскиот економско-социјален комитет. Економско-социјалниот комитет (ЕСК) денес, себе се гледа првенствено како претставнички орган и форум за дискусија на par excellence организираното граѓанско општество за ширење на европската идеја. Треба да се нагласи дека 81% од поднесените мислења и ставови на Економско социјалниот комитет имаат влијание и се земаат во предвид при донесување на одредени законски решенија поврзани со активностите на Европската унија. Најважно во овој случај, е, дека при креирањето на нов модел на институционална форма на дијалог според Европскиот социјален модел треба да биде применета практиката на Економско социјалниот комитет. Основната големина во изградбата на ваквиот социјален модел, е кохезионата политика.

Практично, Република Македонија, ќе реши едно многу важно општествено прашање - **ќе се добие независно институционално тело од државата кое ќе ја изразува општествената волја и слобода.** Неговата функција ќе биде изнаоѓање на адекватни механизми во форма на дијалог за соработка, консултации и комуникации распространети во сите сфери на општествената дебата.

Всушност, преку ваква институција и нејзината перманентна активност, во практика ќе се остварува еден од најважните принципи на Европскиот социјален модел, тоа е **општеството активно да учествува преку граѓанскиот дијалог во формулирањето и донесувањето на управувачките решенија**. На тој начин, ќе се направи разлика меѓу социјалниот дијалог и граѓанскиот дијалог. Граѓанскиот дијалог по својата суштина е многу поголем и поширок како во опфатот така и во поширокиот круг на теми и прашања за консултации. Реалност е дека социјалниот и граѓанскиот дијалог се основните средства за демократска комуникација.

Република Македонија се уште нема добро изградени механизами за спроведување на социјалниот дијалог и поради отсуството од непотполна правна рамка и не можеме да зборуваме за дијалог со изградена ин-

ституционална форма. Од една страна, ова се должи на отсуство од процедури, норми, правила и механизам во спроведувањето на дијалогот, а од друга страна нема критериуми преку кој ќе се избираат субјектите како учесници во соодветна правна рамка за дијалог.

Од научен аспект, постигнувањето на широк општествен консензус ќе овозможи создавање правна рамка која ќе го промовира социјалниот дијалог, којашто ќе го рашири опфатот на дијалогот, и ќе ја подигне свеста за важноста на структурите кои ќе ги застапуваат интересите. Новиот модел на социјален и граѓански дијалог ќе биде единствена перспектива за успешно остварување на економско - социјалните реформи и постигнување на социјална кохезија. Улогата на организираното граѓанско општество е да биде посредник меѓу јавните власти и граѓаните во барањето на динамичен компромис за постигнувањето на широк општествен консензус.

Неопходноста од дефинирањето на основната реалност во семантиката на општиот европски и социјален модел бара многу заложби, труд и решителност, но истовремено за негова реализација се неопходни општиот интерес, општествениот консензус, меѓународни и домашни финансиски средства.

Од есенцијално значење е новиот економско -социјален модел да ја претстави и изрази, хипотезата на Европскиот социјален модел преку која ќе се обезбеди идејата за демократизам, конкурентност и благосостојба, основана на солидарност и социјално вклучување на сите граѓани во Република Македонија.

Она што е особено значајно е неминивно креирање и спроведување на ваква институционална форма, вградување на соодветните норми на најсоодветен начин, согласно приоритетите на Република Македонија, како и согласно условите во економскиот и социјалниот живот.

## Заклучок

Сосема е јасно, дека за ваква квалитетна општествена промена водечки услови се механизмите, нормите, вредностите, кои ќе го конструираат новото пространство, а истовремено и државниот приоритет за решавање на основните социјални и граѓански права на еден нов политички ситем со свои институции, нов статут на своите граѓани, нови права и должности. Дебатата на државата и организираното граѓанското општество е нужна практика.

Едноставно, треба да се создаде мрежа и услови за неговото институционализирање и да се зголеми соработката меѓу партнерите на ниво на претпријатија и дејности, регионално ниво, на ниво на гранки и национално ниво.

Креирањето на нов економско социјален модел треба да го има и вториот предизвик за негово утврдување од меѓународен аспект (да биде полноправен член во Меѓународните асоцијации) и од европски аспект (да

воспоставува интензивни контакти со Европскиот економско социјален комитет). Пред се тој треба да биде мост меѓу државните институции и организираните структури на граѓанското општество.

Уверен сум, дека постигнувањето на широк општествен консензус со новата институционална форма ќе биде доказ за одговорно општество и допринос за конструктивно однесување во поддршката на демократските промени на државата. Исто така, сметам дека ова прашање е од исклучително значење на коешто во иднина треба да се му се посвети поглемо внимание и интерес.

Еден од важните услови којшто треба да се развиваат на патот кон европското обединување е да имаме еден општ социјален јазик во интерпретацијата на основните социјални категории на општествената комуникација, како што се категоријата граѓанин, граѓанско општество, граѓански права, граѓански дијалог, од една страна, и социјален систем, социјални институции, социјални права, социјален дијалог, од друга страна. Тука станува збор за една нова единствена семантика, на општоевропската комуникација, која што ја дава општа смисла на сите централни категории за политичка дебата. Неопходно е, да стигнеме до еднакво разбирање и општа смисла на основните реалности во стопанскиот, културниот, политичкиот и идеолошкиот модел на целокупното општество.

Моето излагање ќе го завршам прифаќајќи безрезервно, дека првиот принцип на Европскиот социјален модел се заснова, изградува и финкционира преку механизмите на дијалог - на социјалниот и граѓанскиот дијалог. Вториот принцип, којшто го прифаќам априори, е, дека, Европскиот социјален модел како и секој друг модел е динамичен и се развива, менува, збогатува и приспособува.

Клучни зборови: Европски социјален модел, широк општествен консензус, граѓански дијалог, социјален дијалог, социјално партнерство.

Key terms: European social model, wide society consensus, civil dialog, social dialog, social partnership.

**Користена литература**


1. Национална стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската Унија, Влада на Република Македонија, септември 2004 година
2. Трудот и негова заштита низ XXI век, Универзитетско издаваштво – стопанство, Софија, мај 2003
3. The impact of the European Economic and Social Committee, Catalogue No.: CESE-2008-02-EN
4. Luxembourg declaration on the mid-term review of the Lisbon strategy, Luxembourg, 26 November 2004
5. Civil society in the EU's four Eastern European neighbour states author: Dr Ernst Piehl, Brussels/Bordeaux, 2004
6. Case in favour of the European Constitution advanced by the EESC, Catalogue No.: EESC--2005-01-EN: http://www.esc.eu.int
7. Социјалниот дијалог нераздепен дел од општествено-економскиот систем, автор Д-р Круме Николоски, Економија и Бизнис, мај 2007